Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

Бр.04-1601/5
година
26-05-2026

Врз основа на членовите 49 став (2) и 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24),член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „ Службен весник на РСМ” бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, донесува:

# ОДЛУКА
## За избор на кандидат за административен службеник по пат на јавен оглас

1. На работно место Помлад соработник за службен надзор и контрола, Одделение за државна инспекција на граничен премин за храна од неживотинско потекло, Сектор за инспекциски надзор, со шифра УПР0101В04000, се избира **Јована Ангеловска.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложен

Во врска со јавниот оглас бр.243/2026 за вработување на административниот службеник во Агенцијата за храна и ветеринарство објавен во дневните весници „ Слободен Печат”, „Нова Македонија” и „Коха” на ден 16.04.2026 година.Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана од Агенцијата за администрација со Решение бр.10-1117/4 од 16.04.2026 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со бр. 10-1117/6 од 12.05.2026 година, ги спроведе сите фази на селекција согласно законот за Административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „ Службен весник на РСМ” бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/23) и согласно член 44 од наведениот закон достави предлог кандидат за вработување до Агенцијата за храна и ветеринарство.
Врз основа на горе наведеното, а согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници, се донесе одлука како во диспозитивот од Решението.
По конечното завршување на постапката за вработување на админоистративниот службеник во Агенцијата за храна и ветеринарство ќе се донесе посебно Решение за вработување на избраниот кандидат.
ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука кандидатот кој не е избран може да поднесе жалба до Комисијата на Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната на Агенција за храна и ветеринарство и на интернет страната и огласна табла на Агенција за администрација.

Директор,
д-р Оливер Миланов

ДОСТАВЕНО ДО:
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Именуваниот

quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

ОБ 7.5.3-07в03